Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 65-та седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-1173/1 од 16.03.2021 година, против правно лице ---------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавеното правно лице не службено лице за кои ДКСК има надлежност за постапување.

Предметот со број 09-1173/1 од 16.03.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 16.03.2021 година, поднесена е пријава против правно лице --------------, и оформен е предмет со број 09-1173/1 од 16.03.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека ---------, е правен субјект кој е лиценциран за организирање, полагање и проценка на кандидатот при полагање и проценка на кандидати при полагање за возачка дозвола, овластен од Министерството за внатрешни работи. Според пријавителот, раководител на истиот е ----------------, кој претходно бил сопственик на -------------------. Со ваква фактичка состојба, според пријавителот, кандидатите кои ја избрале авто школата ------------, успешно го полагаат градското возење, додека останатите паѓаат по неколку пати, како што е случај и кај пријавителот. За овој случај било известено и Јавното обвинителство – Скопје.

Државната комисија направи увид во тековната состојба и историјат на ------------- и утврди правното лице е во целосна приватна сопственост. Понатаму како сопственик и управител е ----------. Лицето ----------- воопшто не било во сопственичката структура, ниту се јавува како управител.

Понатаму, при проверка во Дистрибутивниот систем на Централен регистер на РСМ, не се пронајдени податоци за Автошкола ------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното правно лице не е службено лице за кои ДКСК има надлежност за постапување согласно член 8 став 2 од ЗСКСИ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: С.М-советник
Контролирал: К.З-Раководител
Одобрил: Б.И – претседател